У-6.бр.1238/2020
У-6.бр.1237/2020

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Марта Телегравчиска - претседател на советот, Рамије Цара и м-р Ѓоко Живковски - членови на советот, со записничар – виш судски соработник Добрила Бришковска Арсова, решавајќи по Тужбата и Предлогот за издавање на времена мерка за одлагање на извршување во постапката поднесено од тужителот ЈП “Чистота и Зеленило“ Куманово преку пономошник Виктор Божиновски- адвокат од Куманово против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-581/10 од 24.06.2020 година, на седницата на советот одржана на 20.07.2020 година, согласно член 30 став 1 од Законот за управните спорови, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Тужбата и предлогот за времена мерка на тужителот ЈП “Чистота и Зеленило“ Куманово, за одлагање од извршување на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-581/10 од 24.06.2020 година, се до правосилно завршување на постапката по тужбата, СЕ ОТФРЛААТ КАКО НЕДОЗВОЛЕНИ.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот со тужба за управен спор заведена под У-6 бр.1238/2020, ја оспорува законитоста на одлуката на тужениот орган означено во изреката на пресудата, поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка сосотојба како и погрешна примена на материјалното право, со предлог Судот тужбата да ја уважи и оспорената Одлука поништи.

Кон тужбата тужителот доставил и посебно барање - Предлог за издавање на времена мерка, заведена во Судот под У-6.бр.1237/2020, со кое бара, Судот да го одложи извршувањето на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-581/10 од 24.06.2020 година, се до правосилно одлучување по поднесената тужба за управен спор заведена под У-6.бр.1238/2020.

Со оспореното Решение, жалбата на жалителот КРИН КГ ДОО Прилеп изјавена прптив Одлуката за избор на најповолната понуда од 02.06.2020 година донесена по Огласот за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр.06634/2020 за набавка на стоки –Мермерни облоги на договорниот орган ЈП ЈП “Чистота и Зеленило“ Куманово делумно се усвојува додека Одлуката за избор се поништува и предметото се враќа на повторно постапување и одлучување.

Управниот суд постапувајќи по Тужбата и Предлогот за времена мерка на тужителот, најде:

Тужбата и предлогот за времена мерка се недозволени.

Согласно член 20 од Законот за управните спорови („Службен весник на РМ“ бр.96/2019), Тужител е физичко или правно лице кое смета дека му е повредено право или правен интерес со конечен управен акт донесен во управна постапка, или во прекршочна постапка, како и со непостапување на јавен орган во законски утврдениот рок.

Согласно членот 30 став 1 точка 3 од истиот Закон, По приемот на тужбата, судот испитува дали тужбата е дозволена, дали е поднесена од овластено лице и дали е благовремена.

Согласно член 138 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/19) Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за јавна набавка.(2) Правна заштита може да бара и Бирото за јавни набавки и државниот правобранител на Република Македонија, кога ги штитат интересите на државата или јавниот интерес.(3) Субјектите од ставовите (1) и (2) на овој член (во натамошниот текст: жалител) имаат право да изјават жалба.

Во смисла на Цитираните одредби, право да поведе управен спор има само странка за чии права, интереси или обврски се одлучувало во управната постапка.

Сега тужителот ЈП “Чистота и Зеленило“ Куманово, договорен орган во смисла на одредбите од наведениот Закон за јавни набавки, а во врска со цитираните одредби од Законот за управните спорови, врши јавни овластувања кој во конкретниот случај одлучувал како првостепен орган по Огласот за јавна на бавка со поедноставена отворена постапка бр.06634/2020 за набвака на стоки – мермерни облоги, по која се водела постапка согласно Законот за јавни набавки и донесена Одлука за избор на најповолна понуда бр.06634/2020 од 02.06.2020 година.

Со оглед дека со тужбата тужителот оспорува акт донесен од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки со кој, делумно се усвојува жалбата поднесена од страна на економскиот оператор “КРИН КГ“ ДОО Прилеп, учесник во Огласот за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр.06634/2020 за набвака на стоки – мермерни облоги, по која се водела постапка согласно Законот за јавни набавки и донесена Одлука за избор на најповолна понуда, произлегува дека тужителот не бил странка во управната постапка, туку бил орган кој ја водел првостепената постапка и одлучувал како првостепен орган односно договорен орган.

Имајќи го предвид наведеното, Судот наоѓа дека тужителот како првостепен орган решавал по предметниот објавен Огласот за јавна на бавка со поедноставена отворена постапка бр.06634/2020, против чија одлука е дозволено изјавување на жалба и има процесна положба на првостепен управен орган, па за истата правна работа не може истовремено да има и положба на странка, односно да биде тужител во управниот спор.

Од погоре наведеното, Судот оцени дека во овој случај тужителот нема активна легитимација за водење на управен спор, поради што следуваше согласно членот 30 став 1 од Законот за управните спорови да се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

РЕШЕНО ВО УПРАВЕН СУД на 16.07.2020 година под У-6.бр.1237/2020 и У-6.бр.1238 / 2020.

Записничар - виш судски соработни
Добрила Бришкоска Арсова

Претседател на совет - Судија
Марта Телегравчиска

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на истото, преку овој суд до Вишиот управен суд.

Решението да се достави на:
- тужител
- тужениот орган

Претседател на совет - Судија
Марта Телегравчиска

МР/

Република Северна Македонија * Управен суд * Скопје * Gjykata Administrative * Republika e Maqedonisë së Veriut * Shkup

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
Судски службеник
4